# ЕУ Директива за кривичната одговорност на деградацијата на животната средина

**Професор д-р  Зоран Шапуриќ,Јуни 2023.**

Законодавството на Европската унија, се состои од директиви, регулативи( регулативи кај нас се преведуваат и како уредби) и одлуки.

Ова важи и законодавството на ЕУ во сите области на животна средина, вклучувајќи го и законодавството во областа на воздухот.

Директивите и регулативите се најзначајен дел од ова законодавство..

Основна разлика помеѓу директивите и регулативите е во тоа, што регулативите имаат директна примена во државите членки на ЕУ, додека директивите треба да се транспонираат во националното законодавство на земјите членки, во рокот определен во директивите. Рокот за транспонирање на директивите е различен,а најчесто помеѓу 12 и 24 месеци.

Директивите и регулативите најчесто се предлагаат од Европската комисија, додека се усвојуваат од Советот на ЕУ и Европскиот парламент во постапка на кoодлучување, што значи и двете институции мора да ги усвојат за да имаат правна важност.

Пред да се најдат за усвојување  пред Советот на ЕУ и Европскиот парламент,  постоји постапка и дискусија во институциите на државите членки, како и во рамките на другите органи и институции на ЕУ, како што се Економскио социјалниот комитет, Комитетот на региони, при што овие два органи задолжително даваат мислење, но кое што не мора да биде прифатено. Но во секој случај консултацијата со нив е задолжителна и Судот на правдата на ЕУ, утврди став дека доколку не бидат консултирани овие два органа на ЕУ ( кои инемаат официјален статус на институција на ЕУ, но се два мошне важни органи во структурата на институции и органи на ЕУ).

Исто така се води широка дискусија со невладиниот сектор, како  и со трговските и стручните и научни организации, со цел да бидат инволвирани сите заинтересирани страни.

Ова го прави често пати, процесот на усвојување на законодавтсво бавен, но од друга страна се врши детална проверка на ЕУ законодавтството на ЕУ.

Директивите и регулативите се најобен дел од законодавтсвото на ЕУ и постојат преку 300 правни акти, акти во областа на животната средина.

Регулативите како што е кажано понапред имаат директна примена, као на ниво на ЕУ , така и во земјите членки и не е потребно нивно пренесување во националните законодавства.

Регулативите во областа на животната средина( влучувајќи и ја областа на воздухот, најчесто се однсуваат за имплементација на меѓунардните конвенции во областа на животна, за регулираење на статистички податоци, како и за утврдување на одредени стандарди, лимити на емисии и гранични вредности.

Значајно е да се напомене дека во областа на животна средина се заклучени повеќе од 500 меѓународни конвенции и овој број на меѓународни конвенции не постоји ниту во една друга област.

Одлуките како еден мал дел од еколошкото законодавство на ЕУ се усвојуваат директно од Европската комисија, но се по исклучок и се однесуваат само за одредени технички елемнти на законодавството, како и за одредени технички анекси на директивите и регулативите.

Република Северна Македонија, како земја кандидат за членство на ЕУ има обврска да ги транспонира и регулативите и директивите во своето национално законодавство.

- Најважен дел од законодатвстото во областа на воздухот е Директива 2008/50/ ЕС, за квалитет на амбиентниот воздух и почиста Европа.(Directive 2008/50/EC of the European Parliament and of the Council of 21 May 2008 on ambient air quality and cleaner air for Europe).
- Оваа директива регулира преземање на мерки изедначување на управувањето и контролата на квалитетот на амбиентниот воздух, преку :
- дефинирање на методи за контрола и мониторинг на воздухот, оцена на квалитетот на амбиентниот воздух,
- хармонизација на мерки и активности помеѓу институциите на ЕУ и институциите на земјите членки,
- обезбедување на услови за достапна во јавноста на сите податоци поврзани со квалитетот на воздухот, како и со загадување на амбиентниот воздух.

- Директивата во посебни анекси, помеѓу другото, ги дефинира:
- граничните вредности и дозволени лимити за испуштање на разни видови супстанции кои го загадуваат амбиентниот воздух,
- ги дефинира разните видови на загадувачи исто така во како и специфицкациите утврдени во анексите на директивата,
- дозволените концентрации на одредени суптанци во временски период во одредена маса ма воздух, начините и методите на проценка и оценка на квалитетот на амбиентниот воздух,
- мерењата, граници, односно прагови на толеранција,
- критични вредности,
- хармонзација на критериуми за утврдување на мерните места, методите за земање на мостри, за лабараториски анализи и други анализи итн.

- Некои основни дефиниции согласно оваа Директива:
- Амбиентален воздух е надоворешен воздух во тропсферата,освен воздухот во внатрешноста( во затворен простор) на кој се однесува ЕУ законодавство поврзано со здравје и безбедност на работните услови,
- Загадувач е секоја суптаца која е присутна во амбиентниот воздух и која може да има негативни ефекти на човечкото здравје и на животната средина,
- Ниво е концентација на загадувачка супстанца во амбиентниот воздух или пак,  или нејзиното таложење на површини во одредено време,
- -Оценка е секој метод што се употребува за мерење, калкулација, како  и предвидувања на нивоа на присутво на штетни супстанции,
- - лимитирано ниво е утврдено ниво врз база на нашчни сознанија, које се стреми да ги превенира или штетните ефекти на загадувањето на воздухот, за одреден временски период.

**Останати позначајни ЕУ директиви који се поврзани со загадување на воздухоѕ**

**Директива за нтегрирано спречување и контрола на загадување – ИСКЗ диретива( Directive 2008/1/EC concerning integrated pollution prevention and control -the IPPC Directive). -** Оваа директива се однесува на активности во индустриски и земјоделскси сектор, чии активности се потенцијално со поголемо загдување, ( како на пример, во енергетските активности, производство и преработка на метали, минерална, односно преработка на руда, хемиска индустрија, преработка на нафта и нафтени деривати, одредени активности на управување со отпад, одредени активности во емјоделство итн). Таа ги дефинира условите кои мора да се исполнат за да се добие дозвола за вршење на активности.

- Директива 2000/76 ЕС, за согорување на отпад( **Directive 2000/76/EC on the incineration of waste0**, регулира стандарди, лимити, услови кои треба да бидат исполнети за согорување на разни видови на отпад.
- Директива за отпад 2008 / ЕС( Рамковна директива) - Directive 2008/98/EC of the European Parliament and of the Council on waste, е рамковна директива која се однесува за сите фази за постапување со отпад. Оваа е основна директива во областа на отпадот постојат и посебни директиви за одредени видови на отпад, како што се Директива за електричен и електронски отпад, Директива за отпад од акумулатори и батерии, Директива за пакување и пакување од отпад итн
- Директиви од други области и активности кои може да доведат до загадување на отпадот.

- Директива за заштита на животна средина, преку кривичното право(Directive 2008/99/EC on the protection of the environment through criminal law), е усвоена во октомври 2008 година. Директивата предвидува обврска да се транспонираат одредбите  во националните законодавства на  земјите членки на Европската унија, до крајот на 2010.
- Директива за заштита на животна средина, преку кривичното право настојува да се зајакне одговорноста на деградациите на животната средина и прави обид за изедначување на правото во областа на кривичниот прогон во оваа област во рамките на Унијата.
- Таа пропишува минимум услови при што земјите членки можат да поставаат во своите национални законодавства и построги услови и стандарди, како и казни. Но таа  не ги специфицира  и прецизира видовите на кривичните дела и не пропишува висина на одредени казни( Висината на казните  се дефинира во новата директива во оваа област, која треба да ја замени постојната, при што постапката за

- Оваа директива е сеуште важечка иако е отпочната постапка за донесување на нова директива во оваа област по ревизија на директивата со која се констаирани одредени слабости во практичната примена во земјите членки.
- Важечката Директива за заштита на животна средина, преку кривичното право, ги дефинира:
- - нарушувањата на животната средина, за кој  који треба да биде утврдена кривично правната одговорност за еколошки сериозни нарушувања, во националните законодавства на земјите членки.  (ова осбено се однесува за  дел од т.н.  новите земји членки на ЕУ, односно земјите, кои станаа членки на ЕУ, после 2004 година, и кои во своите законодавтсва не предидуваа кривичен прогон за  нарушувања на животната средина).
- - предвидува одговорност и за физички лица и за правни лица, при што за правните лица одговорноста може да биде и кривична и администативна,
- - предвидува земјите членки во својите национални законодавства да утврдат казни за еколошки деградации кои ќе имаат прпорционалност согласно утврдената деградација и који ќе имаат превентивна функција во однос на одвраќање од извршување на кривични дела.

- Врз база на анализите за ефективноста и примената на наведената Директива, Европската комисија во декември 2023 година го утврди предлогот на новата Директива за заштита на животна средина преку кривичното право,(Proposal for a directive of the European Parliament and of the Council on the protection of the environment through criminal law and replacing Directive 2008/99/ EC).Оваа Директива би требало да ја замени постојната Директива и постапката за нејзиното усвојување е во тек.
- Треба да се има предвид дека постапката за усвојување на директивите трае најчесто долго, бидејќи по усвоениот предлог од страна на Европската Комисија, се водат широки расправи како на ниво на ЕУ институции, така и во земјите членки, при што се настојува да се бидат вклучени сите заинтересирани страни.

- Овој предлог на Директива  се стреми кон;
- Појасно дефинирање на одредени поими,
- Избегнување на многу различни и широки толкувања,
- Абдејтирање и ажурирање со вградување на повеќе видови на деградации на животната средина,
- Рамковно дефинирање на видови на санкции, како и за прв пат рамковно дефинирање на минимални санкции,
- Потикнување на гонење на организиран криминал во областа на животната средина и потикнување за поголема соработка во кривичниот прогон и истраги,
- Посебен акцент на еколошки криминал кој има прекугранични последици, односно последиците се ефектуираат  во повеќе земји членки.

- Земјите членки во своите национални законодавства треба да предвидат кривично правна одговорност за активности кои предизвикуваат деградации на животната средина и еколошки штети, при што треба да внимаваат на повеќе оклности, а особено на :
- Предвидување на одговорност и за правни и физички лица,
- Степенот и траењето, односно временски период на деградацијата на животната средина,
- Големината на територија на која се проширила деградацијата на животната средина,
- Степенот на дегардација и степенот на штетите извршени со одредено дело,
- Дали одредена активност предизвикала сериозно нарушување на здравјето на човекот и дали предизвикала или можела да предизвика смрт,

- Дали со одредено дело е остварен нелегален профит
- Дали има и во коај мерка има прекуграничен ефект на деградациите ( дали деградацијата и штетите имаат негативни ефекти во повеќе држави).
- Можноста за отстранување на последиците од деградациите,
- Можноста за изрекување на замрзнување и конфискација на имот,
- При утврдување на одговорност на овластените физички лица( едно или повеќе) треба да се има позицијата и степенот на овластувања за донесување одговорните лица, овластувања на колективните органи на управување, овластувања и компетенции за контрола во правните лица, како и достапност до релвантните податоци за работењето на правниите лица.

- Предлог на Директивата за разлика од претходната прави обид за пппрецизно предвидување на кривична одговорност за делата,односно за деградациите на животната средина предвидени во анекси  посебните други директиви во областа на животната средина, помеѓу кои:
- -Јонизирачко зрачење и радијација, које има влијание на водата, воздухот и повата,
- -недозволиво пласирање на пазарот на производи кои се еклошки опасни и кои ги надминуваат утврдените еколошките стандарди и критериуми и ---кои го нарушуваат или може да го нарушат здравјето и животот на човекот, како из азгрозување на флората и фауната,
- -дистрибуцијата и прекугранично движење на отпад, особено на видови на опасен отпад, спротивно на законите,
- -деградација на еколошките заштитени подрачја,
- - испуштање на недозволено ниво на штетни емисси во воздухот, почвата и водата од страна на индустриските инсталации,
- - недозволена трговија со заштитени животински видови,
- - несодветен третман, несодветно рециклирање и други видови на преработка на отпадот,
- - согорување на отпадот које предизвикува штетни емисии во воздухот.

- Предлог на Директивата за кривичната одговорност на деградацијата на животната средина за прв пат предвидува и висина на затворски казни согласно тежината на делото, за разни видови на дела по спецификациии, кои се земјите членки се должни да ги предвидат во своите национални законодавства и тоа:

- Максимална казна  да биде во висина од најмалку 10 години затвор , за најтешки видови на кривични дела против животната средина, кои прдизвикуваат или би можеле да предизвикаат смртни полседици или сериозно нарушување на здравјето на луѓето,
- Максимална казна  да биде во висина од најмалку 6  години, затврор за одредени  видови на кривични дела против животната средина, који предизвикуваат позначителни нарушувања на животната средина,
- Максимална казна  да биде во висина од најмалку 4  години, затвор за одредени  видови на кривични дела против животната средина, кои се предвидени во законодавтсвото на ЕУ који предизвикуваат одредени нарушувања на животната средина.
-

- Дискусија – коментари